**20241252239**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 153 став (1) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), министерот за правда, донесе

### НОТАРСКА ТАРИФА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА НОТАРСКАТА ТАРИФА

Член 1

Во Нотарската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 226/16 и 33/19), членот 11 се менува и гласи:

„(1) За подготовката и составувањето на нотарските акти од член 52 став (1) од Законот за нотаријатот и други закони на нотарот му припаѓа награда според вредноста на предметот на службеното дејствие, и тоа:

| Од денари | До денари | Награда во денари |
|---|---|---|
| 0 | 3.000.000,00 | 8.000,00 |
| 3.000.001,00 | 6.000.000,00 | 10.000,00 |
| 6.000.001,00 | 9.000.000,00 | 12.000,00 |
| 9.000.001,00 | 12.000.000,00 | 14.000,00 |
| 12.000.001,00 | 20.000.000,00 | 20.000,00 |
| 20.000.001,00 | 40.000.000,00 | 30.000,00 |
| 40.000.001,00 | 60.000.000,00 | 40.000,00 |
| 60.000.001,00 | 120.000.000,00 | 60.000,00 |
| Над 120.000.001,00 | | 90.000,00 |

(2) Во наградата од ставот (1) на овој член, опфатена е и наградата за издавање на изводи и преписи ако се издаваат непосредно по составувањето на нотарскиот акт.“

Член 2

Во член 16 во ставот (1) износот „400,00’’ се заменува со износот „1.300,00’’.

Член 3

Во член 21 ставот (4) се менува и гласи:

„(4) За прогласување на тестамент или за составување на смртовница, на нотарот му припаѓа единствена награда во износ од 2.000,00 денари.’’

Член 4

Во член 24 по ставот (1) се додаваат два нови ставови (2) и (3), кои гласат:

„(2) Нотарот наплатува трошоци за секоја достава во износ од 200,00 денари.

(3) Нотарот има право на материјални трошоци во износ од 50,00 денари без соодветен доказ, а за поголем износ го наплатува направениот реален трошок.’’

Ставот (2) станува став (4).

Член 5

Во член 27 ставот (3) се менува и гласи:

„(3) За дејствијата за издавање на нотарски платен налог според член 68 став (3) од Законот за нотаријатот, кога должник е физичко лице на нотарот му припаѓа единствена награда во износ од 500,00 денари.’’

Член 6

Насловот на членот 31 и членот 31 се менуваат и гласат:

„Заверка на договори за моторни возила

Член 31

Нотарската награда за заверка на договори за продажба на моторни возила се определува според вредноста на предметот на продажба, и тоа:

| Од денари | До денари | Награда во денари |
|---|---|---|
| | 300.000,00 | 1.000,00 |
| 300.001,00 | 600.000,00 | 2.000,00 |
| Над 600.001,00 | | 3.000,00 |

“

Член 7

Насловот на членот 32 и членот 32 се менуваат и гласат:

„Заверка на препис или фотокопија на исправи

Член 32

(1) За секој заверен препис или фотокопија на исправата, наградата на нотарот изнесува 200,00 денари за секоја страница заверен препис или фотокопија на исправата, до три страници.

(2) Ако исправата се состои од четири или повеќе страници, покрај наградата од став (1) на овој член, на нотарот му припаѓа награда во висина од 30,00 денари за четвртата и за секоја наредна страница од заверениот препис или фотокопија на исправата, но не повеќе од 500,00 денари.’’

Член 8

Членот 33 се менува и гласи:

„(1) За заверка на извод од трговски, деловни и јавни книги или регистри наградата на нотарот изнесува 200,00 денари за секоја страница заверен извод од исправата до три страници.

(2) Ако изводот се состои од четири или повеќе страници, покрај наградата од став (1) на овој член, на нотарот му припаѓа награда во висина од 30,00 денари за четвртата и за секоја наредна страница од заверениот извод, но не повеќе од 500,00 денари.’’

Член 9

Во член 34 износот „100,00’’ се заменува со износот „200,00’’.

Член 10

Во член 35 во ставовите (1) и (3) износот „100,00’’ се заменува со износот „200,00’’.

Член 11

Во насловот на точката 9 зборот „ИЗВОДИ,“ се брише.

Член 12

Насловот на членот 45 се менува и гласи: „Преписи“.

Член 13

Во член 45 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) За издавање на преписи од нотарски исправи и нотарски заверки од нотарската архива, на нотарот му припаѓа награда во износ од 600,00 денари, но не повеќе од 3.000,00 денари во зависност од големината на преписот, бројот и големината на прилозите и времето потребно за неговото издавање.''

Во ставот (2) зборот „акти'' се заменува со зборовите „исправи и нотарските заверки''.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) За вршење увид во списи од архивата на нотарот и за издавање на службена белешка, на нотарот му припаѓа награда во износ од 300,00 денари и трошоци во реален износ направени во врска со увидот пропишани со оваа тарифа.''

Член 14

Во член 46 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) За издавање на фотокопија од архивата на нотарот, а по барање на странка, на нотарот му припаѓа награда во износ од 30,00 денари од страница.''

Член 15

Во насловот на точката 14 сврзникот „И“ се заменува со запирка, а по зборот „РЕГИСТРИ'' се додаваат зборовите „И ПИСМЕНИ БАРАЊА“.

Член 16

Во член 55 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) За дејствијата кои нотарот ги презема заради запишување или бришење во јавни книги и регистри, по сила на закон или по барање на странка, на нотарот му припаѓа награда во износ од 600,00 денари.

(2) За изготвување и доставување на писмени барања до органите на државната управа, единиците на локална самоуправа, судовите, други институции, организации и субјекти, до кои нотарот е должен или овластен да се обрати, на нотарот му припаѓа награда во износ од 600,00 денари по изготвено барање.“

Ставот (4) се менува и гласи:

(4) За издавање на имотен лист, нотарот како овластен субјект согласно Законот за катастар на недвижности има право на награда во износ од 100,00 денари и материјални трошоци во износ од пет денари по испечатен лист хартија.“

Член 17

Оваа тарифа ќе отпочне да се применува од 1 септември 2024 година.

Член 18

Оваа тарифа влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 01-560/1
2 февруари 2024 година
Скопје

Министер за правда,
**Krenar Lloga**, с.р.